**И. Здравковић, Избор грађе за проучавање споменика исламске архитектуре у Југославији, Београд 1964 год.**

Во издание на Југословенскиот институт за заштита на спомениците на културата, неодамна излезе од печат книгата на арх. Иван Здравковиќ, научен советник на Институтот, „Избор градње за проучавање споменика исламске архитектуре у Југославији".

Импресиониран од многубројните, споменици од исламската архитектура што се наоѓаат на територијата на Југославија, без претензии да го изнесе целокупното наследство од исламската архитектура, авторот извршил мошне обимна и корисна работа, прибирајќи ја основната техничка документација за 40 објекти од оваа архитектура, меѓу кои се наоѓаат и некои од најзначајните споменици во земјата како на пример: Хусреф-беговата џамија во Сараево, Алаџа џамија во Фоча, Куршумли хан во Скопје и други. Меѓутоа, авторот обработува и неколку помалу значајни и познати објекти како што се чешмите и турбињата, кои по својата конструкција, а и по естетското обликување, поседуваат одредени древности и докажуваат дека инвентивноста и градежната виртуозност кај градителите од тој период доаѓа до израз не само кај големите, туку и кај помалите објекти.

Покрај техничката документација која е доста детално обработена, технички снимања и фото снимки, дадени се и описите на објектите, како и извесни историски податоци.

Од интерес е овде да се задржиме посебно на прикажаните објекти од исламската архитектура што се наоѓаат на територијата на Македонија. Во книгата се прикажани 8 објекти од Македонија и тоа: Даут-пашин амам, Куршумли хан, Мустафа-пашина џамија, Иса-бегова џамија и Султан Муратова џамија во Скопје, потоа Шарена џамија и текијата на Серсем Али-Баба во Тетово, како и еден стар амам во Охрид.

Задржувајќи се на наведените 8 објекти, за кои авторот дава доста детална техничка документација, особено за Даут-пашиниот амам и за Куршумли хан, може да констатираме дека при изборот на објектите од Македонија авторот се задржал само на некои од најзначајните споменици од оваа архитектура, па паѓа в очи, дека извесен број на познати објекти, како што се на пример Чифте амам и Јахја-пашина џамија во Скопје, Гази Хајдар-кадијина џамија во Битола и други, во книгата не се прикажани.

За проучувањето на исламската архитектура во Македонија, големо значење е прикажаниот материјал од другите делови на Југославија, кој може да послужи како компаративен материјал.

Книгата во целина претставува посебен интерес за историчарите на архитектурата и за архитектите конзерватори, бидејќи се дадени, како што веќе наведовме, детални планови и друга документација, која претставува основа за натамошно проучување на оваа материја, а може да послужи и како база за изработка на елаборати за евентуална заштита или обнова на спомениците. Исто така, книгата може да послужи и како потстрек на Заводите за заштита на спомениците на културата за натамошно систематско прибирање на основната документација за архитектонските објекти од овој период, кои кај нас сè уште не се доволно прибрани и проучени.

На крајот на книгата е дадено и пообемно резиме на француски јазик, што го прави ова дело пристапно на заинтересираните стручњаци и во другите земји.

*К. Т.*